# Дали го слушаш езанот за намаз?‘ тој одговори потврдно, а Пратеникот му рече: ‚Тогаш мора да се одѕвиеш.‘“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, раскажува: „Еден слеп човек дојде кај Пратеникот, алејхи селам, и му рече: ‚Немам водич кој ќе ме води во џамија.“, и побара од Аллаховиот пратеник, алејхи селам, да му дозволи да се моли дома, па му дозволи. Меѓутоа, штом се свртe од него, го повика и го праша: ‚Дали го слушаш езанот за намаз?‘ тој одговори потврдно, а Пратеникот му рече: ‚Тогаш мора да се одѕвиеш.‘“
[صحيح] [رواه مسلم]

Еден слеп човек дојде кај Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, и му рече: „О Аллахов пратенику, немам кој да ми помогне да ме однесе во џамија кога е време да ги клањам петте молитви.“, барајќи со тоа да му олесни Пратеникот, алејхи селам, да не мора да клања во џемат и Пратеникот му го дозволи тоа, но кога човекот се свртел, Пратеникот го повикал и го прашал: „Дали го слушаш езанот за намаз?“ Откако слепиот одговорил потврдно, тој му наредил сепак да се одѕвие на повикот за намаз.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/11287